1. Се усвојува предлогот на Судиската комисија на ФФМ за подмирување на трошоците во висина од по 1800,00(илјадаиосумстотини) денари за 4(четири) делегирани контролори во секое коло од утврдениот распоред на натпревари на секоја Трета лига.

2. Средствата утврдени во точка 1 од оваа одлука ќе ги исплаќа ФФМ по доставена соодветна документација од страна на Третата лига на сметка на контролорот.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесувањето.

4. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 06.02.2014 година со цел да овозможи развој и унапредување на судискиот кадар како и финансиски да ги поддржи третите лиги донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-250/1-3/2

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 06.02.2014 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се менуваат одредбите од член 10 од Правилникот за натпреварување на ФФМ и тоа:

   **- став 1** се додаваат две нови алинеи

   **нова алинеа 6**
   која гласи „првенство на Македонија во фудбал за помлади пионери"
   **нова алинеа 7**
   која гласи„ натпреварување во детски фудбал"

   - **став 5** се менува и гласи:

   Клубовите од Првата фудбалска лига задолжително мора да се натпреваруваат во организираниот систем на натпревари во млади категории со четири млади екипи ( младинци, кадети, пионери и помлади пионери)

   - **став 6** се менува и гласи:

   Клубовите од Втората фудбалска лига задолжително мора да се натпреваруваат во организираниот систем на натпревари во млади категории со најмалку две млади екипи.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ со цел вклучување на детските лиги во официјален организиран систем на натпревари како и поради усогласување на прописите во однос на учество на младите екипи на клубовите од првата и втората лига во организираниот систем на натпревари во млади категории донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-250/1-4

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 06.02.2014 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се утврдува висина на такса за поднесување на жалба по натпревар до првостепен орган/тело на ФФМ во висина од 3000,00 денари.

2. Се утврдува висина на такса за поднесување на Барање за иницирање на постапка до првостепен орган/тело на ФФМ

- за правни лица такса во висина од 6000,00 денари
- за физички лица такса во висина од 3000,00 денари

3. Се утврдува висина на такса до второстепен орган на ФФМ

- за жалба на правни лица во висина од 12000,00 денари
- за жалба на физички лица во висина од 6000,00 денари
- за Барања за потврдување клубска казна 3000,00 денари

4. Се утврдува висина на такса за поднесување на вонреден правен лек и тоа:

- за правни лица во висина од 15000,00 денари
- за физички лица во висина од 8000,00 денари

5. Во случај на усвојување на жалба се утврдува правото на поврат на средства по основ на уплатена такса во втор степен, по поднесено барање во рок од три дена од денот на прием на одлуката.

6. Со влегување на сила на оваа одлука престануват да важат сите одлуки кои ја регулираат оваа материја

7. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

8. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

Деловоден број 0202-250/1-3/3

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ имајќи го во предвид донесениот Правилник за организација на ФФМ како и трошоците поврзани со одржување на седниците утврди дека има потреба од утврдување и уредување на административните такси.

Од тие причини Управниот одбор одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-250/1-3/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 27.01 - 270/1
08.02 2014 од.
Скопје

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Расим Муминовиќ-претседавач, Пилешков Јованче-член, Димитар Трајчевски – член, постапувајќи по Барањето бр. 1201 – 32/1 од 13.01.2014 година за раскинување на договор за професионално занимавање со фудбал поднесено од Мојсовски Владимир, фудбалер на ФК Напредок – АД Кичево, врз основа на член 24 став 2 ал.4 од Правилникот за организација на ФФМ на седницата одржана на ден 31.01.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Барањето поднесено од Мојсовски Владимир, фудбалер на ФК Напредок АД Кичево за раскин на Професионален договор на штета на клуб СЕ УВАЖУВА во целост.

2. Професионалниот договор број 205/13 од 27.07.2013 година, објавен во Макфудбал бр.30/13 на ден 29.07.2013 година склучен помеѓу Мојсовски Владимир и ФК Напредок АД – Кичево во времетраење од 1 (една) година - до Летен Преоден Рок 2014 година СЕ РАСКИНУВА НА ШТЕТА НА КЛУБ - ФК Напредок АД Кичево.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.

4. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 3000,00 денари на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за жалби на ФФМ постапувајќи по барањето на Мојсовски Владимир фудбалер на ФК Напредок од Кичево за раскин на професионален договор на штета на клуб ги обезбеди сите потребни материјални докази кои се предуслов за мериторно одлучување при што констатира:

Фудбалерот Мојсовски Владимир согласно член 73 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ поднел барање за раскин на Договорот за професионално занимавање со фудбал на штета на клуб до надлежна комисија на ФФМ. Во прилог на барањето е доставено:

- Копија од Професионалниот договор
- Уверение од ФПИОМ за внесени податоци во матична евиденција од 24.01.2014 година.
- Доказ за уплатена такса за поднесок

Комисијата за статус на фудбалери за добиеното Барање го извести ФК Напредок АД Кичево по електронски пат на 29.01.2014 година со цел клубот да се изјасни за наводите во барањето непосредно и на самиот состанок на комисијата. ФК

Напредок не се одзва на поканата ниту достави дополнителни материјални докази со кои би ги побил наводите во барањето.

Комисијата по разгледување на целокупната документација утврди дека ФК Напредок АД од Кичево не ги исполнил обврските од член 1 став 1 точка 3 од професионалниот договор бр. 205/13 од 27.07.2013 година односно на барателот не му овозможил да ги оствари правата од пензиско и инвалидско осигурување континуирано во подолг временски период од над 3(три) месеци за што сведочи и Уверението од ФПИОМ од кој е евидентно дека подносителот во периодот за кој е склучен договорот воопшто не бил воведен во евиденција на фондот.

Согласно член 67 ст.5 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ неисполнувањето на оваа одредба од договорот значи дека се исполнети условите во склад со основното правило да се бара раскинување на договор од оправдани причини.

Со оглед на горенаведеното Комисијата одлучи како во изреката.

Комисија за статус на фудбалери
на ФФМ
Претседавач,
Расим Муминовиќ

доставено до:
- Мојсовски Владимир
- макфудбал
- архива на ФФМ

2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
2701-271/1
08.02.14
Скопје

КОМИСИЈА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ
31.01.2014 ГОДИНА

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Расим Муминовиќ-претседавач, Пилешков Јованче-член, Димитар Трајчевски – член, постапувајќи по Барањето бр. 1201 – 32/1 од 13.01.2014 година за раскинување на договор за професионално занимавање со фудбал поднесено од Петрески Владимир, фудбалер на ФК Напредок – АД Кичево, врз основа на член 24 став 2 ал.4 од Правилникот за организација на ФФМ на седницата одржана на ден 31.01.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Барањето поднесено од Петрески Владимир, фудбалер на ФК Напредок АД Кичево за раскин на Професионален договор на штета на клуб СЕ УВАЖУВА во целост.

2. Професионалниот договор број 156/12 од 12.07.2012 година, објавен во Макфудбал бр.30/12 склучен помеѓу Петрески Владимир и ФК Напредок АД – Кичево во времетраење од 2 (две) години - до Летен Преоден Рок 2014 година СЕ РАСКИНУВА НА ШТЕТА НА КЛУБ - ФК Напредок АД Кичево.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.

4. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 3000,00 денари на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за жалби на ФФМ постапувајќи по барањето на Петрески Владимир фудбалер на ФК Напредок од Кичево за раскин на професионален договор на штета на клуб ги обезбеди сите потребни материјални докази кои се предуслов за мериторно одлучување при што констатира:

Фудбалерот Петрески Владимир согласно член 73 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ поднел барање за раскин на Договорот за професионално занимавање со фудбал на штета на клуб до надлежна комисија на ФФМ. Во прилог на барањето е доставено:

- Копија од Професионалниот договор
- Уверение од ФПИОМ за внесени податоци во матична евиденција од 03.01.2014 година.
- Доказ за уплатена такса за поднесок

Комисијата за статус на фудбалери за добиеното Барање го извести ФК Напредок АД Кичево по електронски пат на 29.01.2014 година со цел клубот да се изјасни за наводите во барањето непосредно и на самиот состанок на комисијата. ФК Напредок не се одзва на поканата ниту достави дополнителни материјални докази со кои би ги побил наводите во барањето.

Комисијата по разгледување на целокупната документација утврди дека ФК Напредок АД од Кичево не ги исполнил обврските од член 1 став 1 точка 3 од професионалниот договор бр. 156/12 од 12.07.2012 година односно на барателот не му овозможил да ги оствари правата од пензиско и инвалидско осигурување континуирано во подолг временски период од над 3(три) месеци за што сведочи и Уверението од ФПИОМ од кој е евидентно дека подносителот во периодот за кој е склучен договорот воопшто не бил воведен во евиденција на фондот.

Согласно член 67 ст.5 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ неисполнувањето на оваа одредба од договорот значи дека се исполнети условите во склад со основното правило да се бара раскинување на договор од оправдани причини.

Со оглед на горенаведеното Комисијата одлучи како во изреката.

Комисија за статус на фудбалери
на ФФМ
Претседавач,
Расим Муминовиќ

доставено до:
- Петрески Владимир
- макфудбал
- архива на ФФМ

3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1201-273/1
06.02.2014 год.
Скопје

ФФМ
КОМИСИЈА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ
31.01.2014 ГОДИНА

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Расим Муминовиќ-претседавач, Пилешков Јованче-член, Димитар Трајчевски – член, постапувајќи по Барањето бр. 1201 – 31/1 од 13.01.2014 година за раскинување на договор за професионално занимавање со фудбал поднесено од Мирчески Филип, фудбалер на ФК Напредок – АД Кичево, врз основа на член 24 став 2 ал.4 од Правилникот за организација на ФФМ на седницата одржана на ден 31.01.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Барањето поднесено од Мирчески Филип, фудбалер на ФК Напредок АД Кичево за раскин на Професионален договор на штета на клуб СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.

3. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 3000,00 денари на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за статус на фудбалери на седницата одржана на 31.01.2014 година постапуваше по барањето на Мирчески Филип, фудбалер на ФК Напредок АД од Кичево за раскин на Професионален договор на штета на клуб.

Комисијата го разгледа барањето и прилозите и констатира дека недостасува копија од договорот кој е предмет на доставеното барање. Во таа насока Комисијата посредно преку Комет администраторот на ФФМ изврши увид во Регистарот на професионални договори и констатира дека не се исполнети условите за поднесување на барање за раскин на договор од причина што подносителот на барањето има склучено Договор за професионално занимавање со фудбал со ФК Напредок АД Кичево на ден 22.01.2013 година број 3/6, објавен во Макфудбал број 4/13 со времетраење од една година и истиот со важност до Зимски Преоден Рок 2014 година, односно Професионалниот договор со ФК Напредок АД – Кичево е истечен.

Согласно погоренаведеното Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ се произнесе носејќи одлука како во диспозитивот.

Комисија за статус на фудбалери
на ФФМ
Претседавач,
Расим Муминовиќ

доставено до:
- Мирчески Филип
- макфудбал
- архива на ФФМ

ФФМ
КОМИСИЈА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ
31.01.2014 ГОДИНА

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 2701-277 2/1
06.02.2014 год.
Скопје

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Расим Муминовиќ-претседавач, Пилешков Јованче-член, Димитар Трајчевски – член, постапувајќи по Барањето бр. 1201 – 30/1 од 13.01.2014 година за раскинување на договор за професионално занимавање со фудбал поднесено од Колевски Валентин, фудбалер на ФК Напредок – АД Кичево, врз основа на член 24 став 2 ал.4 од Правилникот за организација на ФФМ на седницата одржана на ден 31.01.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Барањето поднесено од Колевски Валентин, фудбалер на ФК Напредок АД Кичево за раскин на Професионален договор на штета на клуб СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.

3. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 3000,00 денари на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за статус на фудбалери на седницата одржана на 31.01.2014 година постапуваше по барањето на Колевски Валентин, фудбалер на ФК Напредок АД од Кичево за раскин на Професионален договор на штета на клуб.

Комисијата го разгледа барањето и прилозите и констатира дека недостасува копија од договорот кој е предмет на доставеното барање. Во таа насока Комисијата посредно преку Комет администраторот на ФФМ изврши увид во Регистарот на професионални договори и констатира дека не се исполнети условите за поднесување на барање за раскин на договор од причина што подносителот на барањето има статус на аматер во клубот- ФК Напредок АД Кичево, односно истиот нема склучено Професионален договор со ФК Напредок од Кичево.

Согласно погоренаведеното Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ се произнесе носејќи одлука како во диспозитивот.

Комисија за статус на фудбалери
на ФФМ
Претседавач,
Расим Муминовиќ

доставено до:
- Колевски Валентин
- макфудбал
- архива на ФФМ

**Фудбалска федерација на Македонија**

**Број:1101-163/2**

Дисциплинската комисија на ФФМ разгледувајќи ги списите од предметот по поднесената жалба 1201-112/1 од 21.01.2014 година од Ф.К.Борец 2009 од Велес , против Одлуките на Дисциплинската комисија на ФФМ број 03-1413/12 од 16.09.2013 година и број 03-1641/8 од 17.10.2013 година согласно член 141 став 3,4,5 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 27.01.2014 година го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

**Жалбата на Ф.К.Борец 2009 од Велес поднесена против Одлуките на Дисциплинската комисија на ФФМ број 03-1413/12 од 16.09.2013 и број 03-1641/8 од 17.10.2013 година СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНО ИЗЈАВЕНА.**

**Образложение**

Од страна на Дисциплинската комисија на ФФМ донесени се Одлуки број 03-1413/12 од 16.09.2013 година и број 03-1641/8 од 17.10.2013 година со која Ф.К.Борец 2009 од Велес се казнува со парична казна од 3.250 евра(триилјади и двестотини и педесет евра) во денарска противвредност на денот на уплатата поради ненавремено доставување на видео матерјал, необезбедување на разглас и најавувач, како и необезбедување на доволен број на лица задолжени за медицински носилки на натпреварот од 01 коло на втора МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Борец 2009 од Велес и Ф.К.Зајази од Зајас одигран на ден 10.08.2013 година на стадионот во Велес,како и за причинета матерјална штета и недолично однесување на неговите навивачи кои на полувремето од натпреварот од 04 коло на втора МФЛ (Ф.К.Локомотива-Ф.К.Борец 2009 одигран на ден 31.08.2013 година на игралиштето на Локомотива во Скопје) ги нападнале службените лица и функционери на Ф.К.Борец 2009 при што се искршени и прозорци од соблекувалната каде што биле сместени фудбалерите на Ф.К.Борец и е причинета матерјална штета. Незадоволен од овие Одлуки, Ф.К.Борец 2009 од Велес изјавил жалба на одлуките на ден 21.01.2014 заведена под број 1201-112/1.Дисциплинската комисија на ФФМ разгледувајќи ја жалбата и целокупниот матерјал констатира дека:Одлуката на дисциплинската комисија на ФФМ заведена под број 03-1413/12 од 16.09.2013 година, истата е доставена со препорачана пошта- СО ПОВРАТНИЦА на ден 19.09.2013 година, а дека Одлуката е примена во Ф.К.Борец2009 е потврдено на приемницата каде стои датум на прием 20.09.2013 година. Одлуката на дисциплинската комисија на ФФМ заведена под број 03-1641/8 од 17.10.2013 година, истата е доставена со препорачана пошта- СО ПОВРАТНИЦА на ден 18.10.2013 година, а дека Одлуката е примена во Ф.К.Борец2009 е потврдено на приемницата каде стои датум на прием 19.10.2013 година. Жалбата против одлуките е изјавена на 21.01.2014 година, што значи дека истата е изјавена по истекот на рокот наведен во правната поука на Одлуката.

Од сето погоре наведено се реши како во диспозитивот.

**ПОУКА:**Против решението за одбивање на жалбата, подносителот на жалбата има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на Решението со уредно уплатена такса од 12.000 денари на жиро сметка на ФФМ: 300000001599760 Комерцијална банка Скопје.

Доставено до:

Ф.К."Борец 2009 Велес

Мак Фудбал

Архива на ФФМ

Скопје

27.01.2014 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

Дисциплинска комисија
Претседател
*Г-дин Блерим Бесими с.р.*

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-251 /2**
**Скопје: 04.02.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата од Финансискиот оддел на ФФМ, согласно на одредбите од член 131 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 04 .02. 2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **СЕ ЗАПИРА поведената дисциплинска постапка број 1101-46/17 од 14.01.2014 година против ФК Напредок од Кичево поради извршување на обврските.**
2 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата од Финансискиот оддел на ФФМ на ден 14.01.2014 година донесе Одлука за поведување на дисциплинска постапка против Ф.К.Напредок од Кичево поради неизвршување на обврски по основ на неисплатени парични казни за добиени жолти и црвени картони.
На ден 03.02.2014 година од страна на Ф.К.Напредок од Кичево до Дисциплинската комисија на ФФМ е доставен доказ за уплата на паричните казни.
Дисциплинската комисија на ФФМ по извршениот увид констатира дека Ф.К.Напредок од Кичево ги исполнил обврските по овој основ.
Со исполнување на обврските СЕ УКИНУВА и забраната за вршење на трансфер на фудбалери.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
ФК Напредок Кичево
Архива
Макфудбал
ОФС Кичево

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

5

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-251 /3**
**Скопје: 04.02.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата од Финансискиот оддел на ФФМ, согласно на одредбите од член 131 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 04 .02. 2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **СЕ ЗАПИРА поведената дисциплинска постапка број 1101-46/6 од 14.01.2014 година против ФК Руфеја од Милетино поради извршување на обврските.**
2 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата од Финансискиот оддел на ФФМ на ден 14.01.2014 година донесе Одлука за поведување на дисциплинска постапка против Ф.К.Руфеја од Милетино поради неизвршување на обврски по основ на неисплатени парични казни за добиени жолти и црвени картони.

На ден 04.02.2014 година од страна на Ф.К.Руфеја од Милетино до Дисциплинската комисија на ФФМ е доставен доказ за уплата на паричните казни.

Дисциплинската комисија на ФФМ по извршениот увид констатира дека Ф.К.Руфеја од Милетино ги исполнил обврските по овој основ.

Со исполнување на обврските СЕ УКИНУВА и забраната за вршење на трансфер на фудбалери.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
ФК Руфеја Милетино
Архива
Макфудбал
ОФС Тетово

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-251 /4**
**Скопје: 04.02.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата од Финансискиот оддел на ФФМ, согласно на одредбите од член 131 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 04 .02. 2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **СЕ ЗАПИРА поведената дисциплинска постапка број 1101-46/12 од 14.01.2014 година против ФК Тиверија од Струмица поради извршување на обврските.**

2 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата од Финансискиот оддел на ФФМ на ден 14.01.2014 година донесе Одлука за поведување на дисциплинска постапка против Ф.К.Тиверија од Струмица поради неизвршување на обврски по основ на неисплатени парични казни за добиени жолти и црвени картони.

На ден 04.02.2014 година од страна на Ф.К.Тиверија од Струмица до Дисциплинската комисија на ФФМ е доставен доказ за уплата на паричните казни.

Дисциплинската комисија на ФФМ по извршениот увид констатира дека Ф.К.Тиверија од Струмица ги исполнил обврските по овој основ.

Со исполнување на обврските СЕ УКИНУВА и забраната за вршење на трансфер на фудбалери.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
ФК Тиверија Струмица
Архива
Макфудбал
ОФС Струмица

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

***СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"***
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*200002504170131- Стопанска банка АД Скопје*
*300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

***РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"***